Врз основа на член 345 и 383 од Законот за Трговски Друштва, а согласно член 27, 45 и 46 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп (“Друштвото”), Годишното Собрание на Акционери на Друштвото на седницата одржана на 28 мај 2021 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**

**За реизбор на членови на Одборот на Директори**

**Член 1**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го констатира истекот на мандатот на следните членови на Одборот на Директори на Друштвото заклучно со датум 08.10.2021 година:

1. Г-дин Христофорос Павлидис;
2. Г-дин Николаос Димарелис;
3. Г-дин Зоран Пандев.

**Член 2**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп повторно ги избира за членови на Одборот на Директори на Друштвото, со мандат во траење од 4 години почнувајќи од 09.10.2021 година:

1. **Г-дин Христофорос Павлидис за неизвршен директор -** државјанин на Република Грција, роден на 10.12.1967 година во Атина, Република Грција;
2. **Г-дин Николаос Димарелис за неизвршен директор -** државјанин на Република Грција, роден на 30.10.1959 година во Криа Вриси (Пела), Република Грција;
3. **Г-дин Зоран Пандев за неизвршен и независен директор -** државјанин на Република Северна Македонија, роден на 03.04.1979 година во Скопје, Република Северна Македонија.

**Член 3**

Членот на одборот на директори Г-дин Зоран Пандев има право на годишен надоместок во вкупен бруто износ од 3.000 Евра, кој ќе се исплатува квартално на четири еднакви рати.

**Член 4**

Се задолжува Одборот на директори на седницата што следи по 09.10.2021 година од своите редови да избере Претседател на Одборот на директори.

**Член 5**

Пријава за упис на промените во Одборот на директори во трговскиот регистар поднесуваат Извршните директори на Друштвото.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

______________________